СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1229/2
04.11 2019 год.
СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

## СООПШТЕНИЕ НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
### во врска со најавениот протест на 06.11.2019 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 31.10.2019 г. донесе заклучок дека највениот протест на 06.11.2019 г., не треба да се поддржи поради следниве причини:

1. Комората не е консултирана за ниту едно од нивните барања и за истите дознава преку социјални мрежи, портали и медиуми и секоја нивна информација дека Комората и нејзините регионални одбори стојат зад протестот е лажна и тенденциозна.
2. Здружението, лажно и невистинито сака да се претстави како застапник на сите стоматолози, а и во изјавите на нивните претставници се објавува податок дека имаат не повеќе од 200 членови, што е поприлично далеку од бројката на сите стоматолози, кои во моментот ги има околу 3800.
3. Барањата се неконзистентни и се менуваат од месец за месец, паушално и без било каква анализа.
4. Преку директни консултации и средби, најголемиот број на нашите членови не прифаќаат бришење на институцијата матичен стоматолог врз што се и темели платформата на здружението.
5. Добивањето фиксна плата на секој стоматолошки тим кога нема институција матичен стоматолог и кога стоматолошкиот тим ќе нема обврска кон никого, не води кон прогрес на стоматолошката дејност туку уште повеќе кон нејзино назадување и непрактицирање на стоматологија.
6. Добивањето фиксна плата на секој стоматолошки тим од бараните суми кога нема институција матичен стоматолог ќе предизвика формирање на прекумерен број на тимови што во блиска иднина ФЗО, како единствен здравствен осигурителен фонд во државата, нема да може да го издржи што ќе доведе до спротивен ефект, до комплетна приватизација на стоматологијата.
7. Кој би бил мотивот на ФЗО, Министерството за здравство и Владата на РСМ воопшто да го сфати и разгледува сериозно моделот со фиксно плаќање на приватни здравствени стоматолошки установи, без контрола и без обврска нешто да сработат, а при тоа осигурениците да се ограничат на три (3) услуги на годишно ниво по што секоја наредна посета би ја плаќале приватно.

Но, и покрај погоре наведеното ИО на СКМ го охрабрува раководството на здружението доколку навистина се грижат за македонскиот стоматолог и македонската стоматологија да направат напори првин да престанат со манипулирање на стоматолозите и со реална, издржана програма за нов модел да побараат средба со ИО на СКМ каде истата транспарентно и институционално ќе се разгледа.

31.10.2019 г., Скопје

Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *